# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 08 06.08.2026, четврток

www.valandovo.gov.mk

СОДРЖИНА

**Градоначаник на Општина Валандово**

**Совет на Општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2026 година................................................ 3
2. **Одлука** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2026 година......... 3
3. **Решение** за објавување на Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Изградба на детска градинка во Општина Валандово"………………………….. 3
4. **Одлука** за сопствено учество во реализација на Проект „Изградба на детска градинка во Општина Валандово" …………………………………………………. 3
5. **Решение** за објавување на Одлука за измена на Одлуката за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово"……………………………………………………4
6. **Одлука** за измена на Одлуката за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово"………… 4
7. **Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2025/2026 година…………………………………………………………… 4
8. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2025/2026 година………………………………… 5
9. **Решение** за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2026/2027 година…………………………………………………………… 5
10. **Одлука** за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2026/2027 година……………………………………………… 5
11. **Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за учебната 2025/2026 година.............................................................. 5
12. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за учебната 2025/2026 година....................... 5
13. **Решение** за објавување на Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за учебната 2026/2027 година........................ 6
14. **Одлука** за донесување на Годишна Програма Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за учебната 2026/2027 година.................................................................................. 6
15. **Решение** за објавување на Решение за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово.......................................................................... 6
16. **Решение** за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово........................ 6
17. **Решение** за објавување на Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово......................................... 6
18. **Решение** за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово.......................................................................... 7
19. **Решение** за објавување на Решение за именување на член на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис" Валандово........................................ 7

**20. Решение** за именување на член на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово.............. 7
**21. Решение** за објавување на Одлука за давање закуп на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.1353 КО Брајковци............................ 8
**22. Одлука** за давање закуп на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.1353 КО Брајковци............................................................................ 8
**23. Решение** за објавување на Одлука за продажба на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.515/4 КО Раброво..................................................... 9
**24. Одлука** за продажба на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.515/4 КО Раброво............................................................................... 9
**25. Решение** за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2026 година............................ 10
**26. Програма** за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2026 година............................................................................... 10
**27. Решение** за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлука за определување централни основни училишта на подрачјето на Општина Валандово…………………………………………………... 11
**28. Одлука** за измена и дополнување на Одлука за определување централни основни училишта на подрачјето на Општина Валандово…………………… 11
**29. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на донација - столчиња за трибини на фудбалските игралишта на територијата на Општина Валандово од Фудбалската Федерација на Македонија..11
**30. Одлука** за прифаќање на донација - столчиња за трибини на фудбалските игралишта на територијата на Општина Валандово од Фудбалската Федерација на Македонија…………………………………………………… 11
**31. Решение** за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Јосифово, Општина Валандово........................................................ 12
**32. Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Јосифово, Општина Валандово…………………… 12
**33. Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2026 година....... 12
**34. Заклучок** за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2026 година…………………………………………………13
**35. Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“ Валандово........................................................... 13
**36. Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев“ Валандово…………….13
**37. Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на Културно уметничко друштво „БАХАР” Чалакли, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фолклорен фестивал................................ 13
**38. Одлука** за одобрување финансиска поддршка на Културно уметничко друштво „БАХАР” Чалакли, Валандово за реализација на програмски активности и учество на Меѓународен фолклорен фестивал.............. 14
**39. Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на КФМ „ПРОЕКТ ” с.Јосифово, Валандово за настап во групната фаза од УЕФА Футсал Лигата на шампионите............................. 14
**40. Одлука** за одобрување финансиска поддршка на КФМ „ПРОЕКТ ” с.Јосифово, Валандово за настап во групната фаза од УЕФА Футсал Лигата на шампионите....................................................................... 14
**41. Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово за реализација на тековните активности во претстојната натпреварувачката сезона.. 15
**42. Одлука** за одобрување финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово за реализација на тековните активности во претстојната натпреварувачката сезона................................................ 15
**43. Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Ударник” Пирава за реализација на тековните активности во претстојната натпреварувачката сезона.................... 15
**44. Одлука** за одобрување финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Ударник” Пирава за реализација на тековните активности во претстојната натпреварувачката сезона.................................................................................15
**45. Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиска помош за лекување на Душан Готиќ од с.Марвинци, Општина Валандово..................... 16
**46. Одлука** за одобрување финансиска помош за лекување на Душан Готиќ од с.Марвинци, Општина Валандово......................................................................... 16

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2026 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

Бр.09-983/2 Градоначалник
06.08.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/2005, 4/2008, 103/208, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ бр.151/21, 203/22, 272/24 и 3/25“), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2026 година на следниот начин:

Потпрограма и назив на потпрограмата

Потставка и опис на потставката

| | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | - 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЕО0 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 464990 Други трансфери | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината” и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2026 година.

Бр.08-150/3 Совет на Општина Валандово
04.08.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Изградба на детска градинка во Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Изградба на детска градинка во Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

Бр.09-983/3 Градоначалник
06.08.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 во врска со член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24), член 21, став 1, точка 11, член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, а имајќи ги во предвид одредбите од член 3 од Договорот за соработка склучен помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади и Општина Валандово и Известувањето од Министерството за социјална политика, демографија и млади Арх.бр.02-4066/4 од 27.07.2026 година заведено под бр.08-139/1 од 30.07.2026 година, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за сопствено учество во реализација на Проект „Изградба на детска градинка во Општина Валандово“**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Валандово дава согласност за сопственото учество во реализација на Проектот „Изградба на детска градинка во Општина Валандово“.

**Член 2**

За реализација на Проектот „Изградба на детска градинка во Општина Валандово“ како партнер ќе учествува со сопствени средства на разликата од учеството на Министерството за социјална политика, демографија и млади на РСМ.

Вкупната вредност на најповолната понуда на проектот по спроведена евалуација на пристигнатите понуди, е во износ од 22.080.443,85 денари без ДДВ односно 26.054.923,74 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

За реализација на Проектот „Изградба на детска градинка во Општина Валандово“ – Изградба на нов објект со намена детска градинка на КП 15328, КО Пирава, Општина Валандово ќе учествува со сопствени средства, во вредност од 2.002.443,85 денари без ДДВ, односно 2.362.883,74 денари со вклучен ДДВ,

**Член 4**

Предметните средства ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Валандово за буџетската година во која ќе биде завршена реализацијата на проектот и ќе бидат исплатени по доставување на одобрена завршна ситуација.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-150/4 — Совет на Општина Валандово
04.08.2026 год. — Претседател
Валандово — Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за измена на Одлуката за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за измена на Одлуката за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

Бр.09-983/4 — Градоначалник
06.08.2026 год. — на Општина Валандово
Валандово — Ѓоко Камчев

Врз основа на член 62, во врска со член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002), член 21, став 1, точка 11, член 45 и член 47 став 1 во врска со член 15 став 1 точка 6 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“ бр.08-62/12 од 12.03.2026 година што Советот на Општина Валандово ја усвои на осмата редовна седница со тоа што:

Во членот 2 став 2 текстот:

„ За реализација на Проектот „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“, Општина Валандово ќе учествува со сопствени средства, во вредност од 20.829,00 денари.“

Се заменува со текстот :

„ За реализација на Проектот „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“, Општина Валандово ќе учествува со сопствени средства, во вредност од 307.510,00 денари со вклучен ДДВ.“

**Член 2**

Останатите одредби од предметната Одлука остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-150/5 — Совет на Општина Валандово
04.08.2026 год. — Претседател
Валандово — Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2025/2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

Бр.09-983/5 Градоначалник
06.08.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница одржана на ден 04.08.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово во учебната 2025/2026 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово во учебната 2025/2026 година, на кој Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово има дадено согласност со Одлука бр.02-324/3 10.07.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-150/6 Совет на Општина Валандово
04.08.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2026/2027 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2026/2027 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

Бр.09-983/6 Градоначалник
06.08.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 76/20, 229/20, 3/2025, 74/2025, 250/25 и 111/26), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дванаесеттата редовна седница одржана на ден 04.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за учебната 2026/2027 година, предложена од Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово со Одлука бр.02-324/4 од 10.07.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-150/7 Совет на Општина Валандово
04.08.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за учебната 2025/2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

Бр.09-983/7 Градоначалник
06.08.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 31 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница одржана на ден 04.08.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово во учебната 2025/2026 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово во учебната 2025/2026 година, на кој Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово има дадено согласност со Одлука бр.09-322/7 16.07.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-150/8 Совет на Општина Валандово
04.08.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за учебната 2026/2027 година;**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за учебната 2026/2027 година; , што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

Бр.09-983/8 Градоначалник
06.08.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 76/20, 229/20, 3/2025, 74/2025, 250/25 и 111/26), член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 29 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дванаесеттата редовна седница одржана на ден 04.08.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за учебната 2026/2027 година, предложена од Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово со Одлука бр.09-322/5 од 16.07.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-150/9 Совет на Општина Валандово
04.08.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

Бр.09-983/9 Градоначалник
06.08.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 106 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20, 3/2025; 74/2025; 250/2025; 250/2025; 111/2026), член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 28 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница одржана на ден 04.08.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово**

1. За претставник на Општина Валандово во Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово, **СЕ ИМЕНУВА**:

- Митко Анастасовски.

2. Мандатот на членот на училишниот одбор од точка 1 на ова Решение е три години.

3. Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-150/10 Совет на Општина Валандово
04.08.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

Бр.09-983/10 Градоначалник
06.08.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РМ“ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 42 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, а имајќи го во предвид Записникот и Извештајот на Комисијата за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово бр.08-129/1 од 16.07.2026 година и 08-129/2 од 17.07.2027 година, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** За членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, кои ги исполнуваат законските услови, по претходно спроведена постапка согласно законските прописи, а по основ на Записникот и Извештајот на Комисијата за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово бр.08-129/1 од 16.07.2026 година и 08-129/2 од 17.07.2027 година, формирана од Советот на Општина Валандово**, СЕ ИМЕНУВААТ:**

- Драган Чочков и
- Пепита Маркова.

**2.** Членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово од член 1 на ова Решение, се назначуваат со мандат од 4 (четири) години.

**3.** Оваа Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-150/11 Совет на Општина Валандово
04.08.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на член на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за именување на член на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

Бр.09-983/11 Градоначалник
06.08.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 17-ѓ, 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19

и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РМ“ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 42 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, а имајќи го во предвид Записникот и Извештајот на Комисијата за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово бр.08-129/1 од 16.07.2026 година и 08-129/2 од 17.07.2027 година, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на член на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

1. За член на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, кои ги исполнуваат законските услови, по претходно спроведена постапка согласно законските прописи а по основ на Записникот и Извештајот на Комисијата за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово бр.08-129/1 од 16.07.2026 година и 08-129/2 од 17.07.2027 година, формирана од Советот на Општина Валандово**, СЕ ИМЕНУВА:**

- Катерина Беловинова.

2. Членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово од член 1 на ова Решение, се назначуваат со мандат од 4 (четири) години.

**3.** Оваа Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-150/12 | Совет на Општина Валандово |
| 04.08.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање закуп на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.1353 КО Брајковци**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање закуп на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.1353 КО Брајковци, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 04.08.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-983/12 | Градоначалник |
| 06.08.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 3 став 2, член 36, 37, 38 и 39 и 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21, 193/25), член 36 став 1 точка 10, во врска со член 66 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 32 и член 89 од Статутот на Општина Валандово, на предлог на Градоначалникот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница одржана на ден 04.08.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање закуп на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.1353 КО Брајковци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за давање во закуп недвижна ствар - објект сопственост на Општина Валандово и се регулира начинот, постапката и месечната закупнина на објектот.

**Член 2**

Недвижниот имот предмет на оваа одлука се наоѓа на КП 1353 КО Брајковци и се состои од:

Лист В

- КП.бр.1353, објект 1, намена В3, адреса ул. /, влез 1, кат приземје, со вкупна површина од 159 м$^2$; запишени во Имотен лист 447 КО Брајковци со право на сопственост на Општина Валандово.

**Член 3**

Давање во закупот на недвижниот имот од член 2 од оваа Одлука се предвидува да се даде на времетраење од 5 (пет) години.

**Член 4**

Давање во закупот на недвижниот имот од член 2 од оваа Одлука ќе се изврши согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, преку електронскиот систем за јавно наддавање при располагање со движни и недвижни ствари (Е-

ствари), со проценета пазарна вредност, согласно Извештајот за процена на недвижен имот од Трговец поединец за вештачење и процена д-р Анастас Ѓорѓи Џуровски ТП Ресен од 21.05.2026 година.

**Член 5**

Почетната цена за закуп изнесува 0,5 % од проценетата вредност 7.236,00 денари, цената е утврдена согласно Методологијата за утврдување на проценетата пазарната вредност на недвижен имот.

**Член 6**

Постапката за давање во закуп на предметниот недвижен имот ќе ја спроведе Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Валандово, која ја формира Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 7**

Доколку при спроведување на постапката за објава на давање на закуп на недвижниот имот опишан во член 2 од оваа Одлука, не се јави еден понудувач, Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Валандово ќе ја повтори постапката согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**Член 8**

